У-5.бр.378/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Димитрула Апостоловска - претседател на советот, Валентина Конеска и Билјана Никодиновска Петровска, членови на советот, со записничар Марко Таневски - судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот ДТПУ „2000 АМИГОС“ увоз-извоз ДОО Прилеп, поднесена преку полномошник Верица Паневска адвокат од Прилеп, Кривогаштани, поднесена преку полномошник Верица Паневска адвокат од Прилеп, против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-55/6 од 20.01.2020 година, за јавни набавки, на седницата на советот одржана на 17.06.2020 година, донесе:

# П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ДТПУ „2000 АМИГОС“ увоз-извоз ДОО Прилеп, поднесена против став 3 од Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-55/6 од 20.01.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Секоја странка ги поднесува своите трошоци на постапката.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, жалбата на жалителот ДТПУ „2000 АМИГОС“ ДОО Прилеп, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда за дел 1 и 2 од 25.12.2019 година, донесена по Огласот за јавна набавка со постапка со отворена постапка бр.12073/2019 за набавка на услуги - Групна јавна набавка за Посебен линиски превоз на ученици од средните училишта во Општина Прилеп од населените места и обратно на договорниот орган СОУ Гимназија - Мирче Ацев, Прилеп, се усвојува. Се поништува Одлуката за избор на најповолен понудувач 25.12.2019 година и постапката со отворена постапка бр.12073/2019 за набавка на услуги - Групна јавна набавка за Посебен линиски превоз на ученици од средните училишта во Општина Прилеп од населените места и обратно на договорниот орган СОУ Гимназија - Мирче Ацев, Прилеп. Се задолжува договорниот орган да му ги надомести трошоците на тужителот, во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 6.150,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, како и износ во висина од 9.000,00 денари за состав на име адвокатски трошоци, согласно со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно по извршената достава. Сите `странки се должни да ја почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на Државната комисија. Договорниот орган е должен да постапи согласно со одлуката на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката, при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на Државната комисија во одлуката.

Незадоволен од решението во став 3 од диспозитивот, тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи, во делот на одлуката кој се однесува на барањето за исплата на адвокатски трошоци. Во тужбата е наведено дека органот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

погрешно го применил членот 166 став 7 од Законот за јавните набавки и погрешно ги применил одредбите од членот 8 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите. Според тужителот, во членот 8 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, точно е утврдена висината на трошоците кои му следуваат на адвокатот за состав на писмен поднесок, а во конкретниот случај за состав на жалба, на начин што основицата од 6.000,00 дебари за управна постапка се зголемува за паушал 30% и наградата за состав на редовен правен лек се зголемува за плус 100% од наградата за застапување или одбрана ако адвокатот не учествува на расправа или претрес. Имајќи ја предвид одредбата од член 166 став 2 и 7 од Законот за јавните набавки, полномошникот на тужителот, навремено ги предјавил адвокатските трошоци, специфицирани согласно Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Одговорот на тужба од тужениот орган, Судот го достави до полномошникот на тужителот со цел да се запознае со неговата содржина, кој уредно го примил меѓутоа не достави произнесување по истиот.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 37 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека во постапка по жалба, тужениот орган донел решение со кое жалбата на сега тужителот ДТПУ „2000 АМИГОС“ увоз-извоз ДОО Прилеп, изјавена преку полномошник Верица Паневска адвокат од Прилеп, против Одлуката за избор на најповолна понуда од 25.12.2019 година, донесена по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.12073/2019 за набавка на услуги - групна јавна набавка за Посебен линиски превоз на ученици од средните училишта во Општина Прилеп од населените места и обратно на договорниот орган СОУ Гимназија „МИРЧЕ АЦЕВ“ - Прилеп, се усвојува. Се поништува Одлуката за избор на најповолна понуда од 25.12.2019 година и постапката по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.12073/2019 за набавка на услуги - групна јавна набавка за Посебен линиски превоз на ученици од средните училишта во Општина Прилеп од населените места и обратно на договорниот орган СОУ Гимназија „МИРЧЕ АЦЕВ“ - Прилеп. Се задолжува договорниот орган да му ги надомести трошоците на сега тужителот, во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 6.150,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, како и износ во висина од 9.000,00 денари на име адвокатски трошоци согласно со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите во рок од 15 дена од денот на проемот на решението. Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно по извршената достава. Сите странки се должни да ја почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на Државната комисија. Договорниот орган е должен да постапи согласно со одлуката на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката, при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на Државната комисија во одлуката.

Во образложение, покрај другото, органот навел дека полномошникот на тужителот поднел барање за адвокатски трошоци за состав на жалба во износ од 24.000,00 денари, во согласност со точка IV.Награда за состав на правен лек, а во врска со точка 1.Награда за пишување писмени состави (поднесоци), под точка 2, алинеја 8 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, пресметано врз основа на понудата за Дел 3, Дел 4 и Дел 11 (9.055 + 7.595 + 5.320) x 182 дена = 3.998.540 денари или 65.017 евра или вкупно трошоци во износ од 30.400,00 денари. Тужениот орган, постапувајќи по барање за адвокатски трошоци на тужителот, одлучил да му додели вкупно 9.000,00 денари од кои 6.000,00 денари за управна постапка согласно член 8 точка 9 и 3.000,00 денари (50% поголема награда за застапување за состав на редовен правен лек) во согласност со глава IV став 1 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите (Службен весник на РМ бр.13/2017), и Одлуката за измени и дополнување на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите (Службен весник на РМ бр.262/2019).

Судот најде дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 166 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/2019), во постапката пред Државната комисија секоја странка претходно ги сноси трошоците предизвикани со своите дејствија.Државната комисија решава за трошоците за жалбената постапка, одредува кој ги сноси трошоците, нивниот износ, на кого и во кој рок мора да се платат. Барањето за надоместок на трошоците за жалбената постапка треба да биде во потполност одредено, специфицирано и доставено пред донесување на решението. Странката која ја покренала постапката, а на чија штета постапката е завршена, е должна на спротивната страна да и ги надомести оправданите трошоци за постапката. Во случај на повлекување или отфрлање на жалбата, подносителот на жалбата е должен на договорниот орган да му ги надомести оправданите трошоци за постапката. Во случај на делумно усвојување на жалбата, Државната комисија може да одлучи секоја страна да ги намири своите трошоци, трошоците за жалбената постапка да ги подели на еднакви делови или пропорционално со усвојување на жалбата. Во случај на целосно усвојување на жалбата, договорниот орган е должен на подносителот на жалбата да му ги надомести оправданите трошоци за постапката.

Согласно член 8 глава 1 алинеја 9 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите и Одлуката за измена и дополнување на од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2017 и 262/2019), за управна постапка наградата изнесува 6.000,00 денари.

Во глава IV став 2 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите и Одлуката за измена и дополнување на од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, е пропишано дека за писмени совети наградата изнесува 50% од соодветната награда за писмен состав и саатнина од 20% за секој започнат час.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд, тужениот орган правилно ја утврдил фактичката состојба и правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите во став 3 од диспозитивот на оспореното решение, го задолжил договорниот орган да му ги надомести трошоците на сега тужителот, во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од

6.150,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, како и износ во висина од 9.000,00 денари на име адвокатски трошоци согласно со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

Имено, органот правилно одлучил кога на тужителот му признал трошоци за состав на жалба во износ од 9.000,00 денари, од кои 6.000,00 денари за составен на редовен правен лек во управна постапка и 3.000,00 денари (50% поголема награда за застапување за составен на редовен правен лек, применувајќи го членот 8 глава 1 алинеја 9 и глава IV став 2 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите и Одлуката за измена и дополнување на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, а во врска со член 166 став 7 од Законот за јавните набавки.

Во текот на одлучувањето судот ги имаше предвид тужбените наводи на тужителот изнесени во тужбата, но истите ги оцени како неосновани и без влијание врз конечната одлука, од причините за кои погоре стана збор.

По однос на барањето на тужителот, да се задолжи тужениот да му ги надомести трошоците на постапката во вкупен износ од 10.380,00 денари по основ на судски такси и состав на тужба, Судот одлучи согласно член 7-б од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006 и 150/2010), според кој во управниот спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие.

Со оглед на горе изнесеното, судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управен суд на 17.06.2020 година, под У-5.бр.378/2020.

Записничар - судски соработник
Марко Таневски

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави на:
- тужител, преку полномошник Верица Паневска адвокат од Прилеп,
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

Согласно со изворникот [redacted]
УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА